JUB kemična industrija d.o.o.
Dol pri Ljubljani 28
SI-1262 Dol pri Ljubljani
Slovenija

Член на Групацијата ЈУБ

Боите го менуваат домот

**ТЕХНИЧКИ ЛИСТ 02.01.01-мкд**
МАСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ

# JUBOLIN

Внатрешна маса за израмнување

## 1. Опис, употреба

JUBOLIN **е дисперзна маса за фино израмнување на внатрешни ѕидни и плафонски површини во станбени, деловни, индустриски и други објекти. Со неа може да се пополнат помали вдлабнатини, пукнатини, дупки, споеви, и да се поправат други неправилности или оштетувања**. Измазнетите површини имаат нечисто бела боја и погодни се за боење со сите видови дисперзни ѕидни бои, лепење тапети или било какви други декоративни обработки.

JUBOLIN добро се прифаќа на варови, варовоцементни, па и на фини цементни малтери и гипскартонски плочи, а се употребува и за измазнување на непроблематични и немалтерисани бетонски површини, немалтерисани ѕидови од поробетон, влакноцементни плочи, иверки и сл. Можно е нанесување и на веќе пребоени површини само ако постоечките премази не се растворливи во вода и се добро прифатени за подлогата.

## 2. Начин на пакување

пластични канти од 3, 8 и 25 kg

## 3. Технички податоци

| | | |
|---|---|---|
| густина (kg/dm$^3$) | | ~1,70 |
| дебелина на наносот (mm) | | 1 до 2 (за поединечен слој)<br><3 (за двослоен нанос) |
| време на сушење T = +20 ºC, рел. вл. на воздухот = 65 % (часа) | Подготвено за брусење | ~12 |
| паропропусност EN ISO 7783-2 | коефициент μ (-) | <40 |
| | вредност $S_d$ (d = 3 mm) (m) | <0,12<br>класа 1<br>(висока паропропусност) |
| прифаќање на стандарден варово цементен малтер (1 : 1 : 6) EN 1542 (MPa) | | >0,45 |

главни состојки: стиренакрилно врзиво, фини калцитни полнила, целулозен згуснувач, вода.

## 4. Подготовка на подлогата

Подлогата мора да биде тврда, сува и чиста, без слабо врзани делови, прав, во вода лесно растворливи соли, мрсни дамки и други нечистотии. Прашината и другата неприфатена нечистотија ја вшмукуваме или отстрануваме со четка, а неразредените остатоци од оплатни масла од бетонските површини ги миеме со млаз топла вода или пареа. На веќе обоените површини од подлогата ги отстрануваме сите во вода лесно растворливи наноси, обработки со мрсни бои, лакови или емајли. Заразените површини со ѕидна мувла пред

нанесување на масата за израмнување ги дезинфицираме.

Нововградените малтери пред вградувањето на масите за израмнување ги сушиме за секој центиметар на дебелината барем 7 до 10 дена, а на нови бетонски подлоги масите за израмнување не ги нанесуваме порано од еден месец по бетонирањето (наведените времиња на сушење на подлогата важат за нормални услови: T = +20 ºC, релативна влажност на воздухот = 65 %).

Пред нанесување на масата за израмнување задолжителен е основен премаз. Препорачуваме разредена со вода AKRIL EMULZIJA (AKRIL EMULZIJA : вода = 1 : 1), која ја нанесуваме со бојаџиска или ѕидарска четка или долговлакнест крзнен или текстилен валјак, а можно е и со прскање. Вградувањето на масата за израмнување е можно во нормални услови (T = +20 ºC, рел. вл.на воздухот. = 65 %) и започнуваме после 6 часа од нанесувањето на основниот премаз.

| Приближна односно просечна потрошувачка: | |
|---|---|
| AKRIL EMULZIJA | 90 - 100 g/m$^2$ |

## 5. Подготовка на масата за израмнување за вградување

JUBOLIN е фабрички подготвена маса за израмнување и било каква дополнителна подготовка не е потребна.

## 6. Вградување на масата за израмнување

Масата обично ја вградуваме во два слоја, при што дебелината на поединечниот слој не треба да преминува 1 до 2 mm, а вкупната дебелина на двослојниот нанос 3 mm. Масата ја нанесуваме рачно – со нер'ѓосувачка челична глетарка и ја развлекуваме по површината која ја обработуваме. При тоа површината настојуваме што подобро да ја измазниме. Доколку е потребно со глетарката го одземаме и отстрануваме вишокот од материјалот.

Првиот слој (пред и после нанесувањето на вториот како и завршниот слој) ги брусиме со фина брусна хартија. Брусењето може да биде рачно или машински. Доколку површините ги подготвуваме за декоративна обработка употребуваме брусна хартија бр. 150, а во спротивно одбираме помеѓу брусна хартија бр. 80 и 120.

Вградувањето е можно само во погодни временски односно микроклиматски услови: температурата на воздухот и ѕидната површина да не е пониска од
+5 ºC и не повисока од +35 ºC, релативната влажност на воздухот да не е повисока од 80 %.

| Приближна односно просечна потрошувачка (за двослоен нанос): | |
|---|---|
| JUBOLIN | 1,5 – 2,0 kg/m$^2$ |

## 7. Чистење на алатот, постапување со отпадот

Алатот веднаш после употребата темелно го миеме со вода.

Неупотребената маса за израмнување во добро затворена амбалажа ја чуваме за можни поправки или подоцнежна употреба. Неупотребените остатоци ги мешаме со цемент (можеме да додадеме и стврднати остатоци од малтер и отпадоци, песок, пилевина) и стврднати ги одлагаме на депонија за градежен (класификациски број на отпадот:17 09 04) или комунален отпад (класификациски број на отпадот:08 01 12).

Очистената амбалажа може да се рециклира.

## 8. Заштита при работа

Почитувајте ги општите упатства и прописи за заштита при работа кај градежни односно бојаџиски работи. Заштита на дишните патишта со маска и заштита на очите со заштитни очила или штитник за лице, е потребна само при рачно или машинско брусење на вградената маса.

## 9. Складирање, транспортни услови и трајност

Складирање и транспорт при температура од +5 ºC до +25 ºC, заштитено од директно сонце, надвор од дофат на деца, НЕ СМЕЕ ДА ЗАМРЗНЕ!

Трајност при складирање во оригинална затворена и неоштетена амбалажа: најмалку 12 месеци.

## 10. Контрола на квалитетот

Карактеристиките за квалитетот на производот се одредени со интерни производни спецификации, и со словенски, европски и други стандарди. Достигнувањето на декларираното односно пропишаното ниво на квалитет во JUB го обезбедува веќе со години воведениот систем за целосно следење и контрола за квалитетот ISO 9001, што подразбира дневно проверување на квалитетот во сопствени лаборатории, повремено и во заводот за градежништво во Љубљана, како и во други независни стручни установи во Словенија и во странство. Во производството строго ги почитуваме словенските и европските стандарди од подрачјето за заштита на околината и заштита при работа, што се докажува со сертификатите ISO 14001 и OHSAS 18001.

## 11. Други информации

Техничките упатства во овој проспект се изработени врз основа на наши искуства, и се со цел при употреба на производот да се постигнат оптимални резултати. За штетата предизвикана поради погрешен избор на производот, поради неправилна употреба или поради неквалитетна работа, не преземаме никаква одговорност.

Овој технички лист ги дополнува и заменува сите претходни изданија, го задржуваме правото од можни подоцнежни измени и дополнувања.

Ознака и датум на издавање: **TRC-023/10-gru-tor**, 24.01.2010

---

**JUB d.o.o.e.l. Skopje**

Bul. Jane Sandanski br. 79/a/3
1000 Skopje
Republika Makedonija
T: +389 2 2454 027
+389 2 2454 027
F: +389 2 2455 235
E: kiril.boskov@jub.com.mk
www.jub.eu

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034
OHSAS 18001 H-022